РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
СКОПЈЕ

| Примено: 19.07.2013 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| УП1-бр.1605 | 744 | 2 | |

# ДОГОВОР

**За користење на приклучок на радио и телевизиски програми преку кабелска мрежа**

Склучен на ден____________20____.година помеѓу:

1. Друштво за комуникации,трговија и услуги увоз-извоз КАМСАТ ДООЕЛ М.Каменица со седиште на ул."14-ти Јуни" бр.26 М.Каменица со ЕДБ 4063012500870 и жиро сметка претставувано од овластено лице(во понатамошниот текст:Оператор) и:
2. ________________________________________ од ______________ ул. ____________________ _____ бр. _____ЕМБГ ____________________ тел. ______________ (во понатамошниот текст Претплатник), од другата страна.

**Член 1. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

- Предмет на договорот е уредување на правата и обврските на договорните страни кои произлегуваат од склучувањето на Договорот.

**Член 2. ОСНОВНИ УСЛУГИ**

- Со склучување на овој Договор, Операторот му овозможува на Претплатникот монтирање и користење на приклучок за прием на радио телевизиски програми, преку јавната кабелска мрежа.

**Член 3. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ОПЕРАТОРОТ**

- Операторот се обврзува, да изврши приклучување на Претплатникот, кон јавната кабелска мрежа во рок од 2 работни дена, од денот на потпишување на договорот. Приклучувањето на Претплатникот кон кабелската мрежа, ќе се врши од страна на стручни лица на операторот, со што на Претплатникот ќе му овозможи квалитетен прием на минимум 30 РТВ програми, кои се пренесуваат преку мрежата непрекинато 24 часа.
- Операторот се обврзува дека по извршување на работите, околу приклучокот, ќе обезбеди редовно одржување на мрежата. Доколку настане дефект на мрежата, операторот е должен, да пристапи кон отстранување на дефектот во рок од 4 часа од неговото настанување, односно од 12 часа, доколу дефектот настане од 12.00 часот до 06.00 часот наредниот ден.
- За користење на услугите од тековниот месец, Операторот се обврзува да изготви сметка на Претплатникот и да му ја достави, до крајот на наредниот месец.
- Операторот има право да ги обработува и користи податоците на Претплатникот, за свои потреби согласно со законските прописи.
- Операторот го задржува правото за промена на цените и условите на услугите во зависност од пазарните услови.
- Операторот нема да биде одговорен за која било пречка или прекин во обезбедувањето на услугите, поради виша сила.
- Операторот обезбедува 24 часовна техничка подршка на телефонскиот број 077/729-028 каде претплатникот може да пријави било каков технички проблем.
- Операторот т.е. давателот на услуги може да ги менува условите утврдени со претплатничкиот договор по претходно известување на претплатникот.
- Операторот т.е. давателот на услуги треба да го извести претплатникот во рок кој не може да биде пократок од 30 дена пред воведувањето на измените. Известувањето треба да ги содржи сите предложени измени во условите неведени во претплатничкоит договор, како и правото на претплатникот дека во истиот период, т.е. во рокот кој не може да биде пократок од 30 дена од денот на известувањето, без последици да може да го раскине претплатничкиот договор, доколку не се согласува со измените.
- Доколку операторот т.е. давателот на услуги не постапи во согласност со став (9) од овој член, тоа нема да ги ослободи претплатниците од плаќање на пристигнатите и неплатените обврски или исполнување на договорените пристигнати пред извршените измени во условите наведени во претплатничкиот договор.

**Член 4. ПРАВА И ОБВРСКА НА ПРЕТПЛАТНИКОТ**

- Претплатникот се обврзува, да уплати еднократен неповратен надоместок за почетно приклучување на мрежата, согласно тековниот ценовник на операторот.
- Претплатникот за да може квалитетно да ги следи сите понудени ТВ програми од кабелската мрежа, потребно е да поседува ТВ приемник со можност за прием на т.н. S и Hyperband канали и обезбедена (заземјена) електрична мрежа.
- Претплатникот се обврзува дека ќе им овозможи непречен пристап на стручните лица на операторот, во своите простории во кои ќе се изврши монтажа, преглед или мерење на кабелската мрежа и да не го попречува спроведувањето на кабелот на операторот од својот до соседните објекти.
- Претплатникот се обврзува дека ќе се грижи за опремата на неговиот имот, а во случај на оштетување сам подлежи на одговорност.
- Претплатникот се обврзува дека нема да врши самостојно отстранување на евентуални дефекти на кабелската мрежа и дека нема да врши било какви дејствија, врз оремата на кабелската мрежа, дури и ако биде исклучен од неа. Доколку постапи спротивно, должен е да ја надомести штетата.
- Претплатникот се обврзува, приклучокот да не го отстапува на друго лице или да дозволи неовластено приклучување на кабелската мрежа, во случај тоа да го стори, ќе биде трајно исклучен од кабелската мрежа, без враќање на уплатените средства.
- Претплатникот има право привремено исклучување, од кабелската мрежа и за тоа ќе плати еднократен надоместок, согласно тековниот ценовник на операторот. Во периодот на привремено исклучување на претплатникот нема да му се наплаќа месечен надоместок, започнувјќи од 1. од наредниот месец.
- Претплатникот има право на приговор против одлуките и активностите на операторот и истиот може да го поднесе во писмена форма во рок од 15 дена од приемот на одлуката или започнувањето на активноста на операторот. Доколку по добиениот одговор за поднесениот приговор од операторот, претплатникот не е задоволен од донесената одлука во рок од 15 дена од

приемот на одлуката има право да побара заштита на своето право Пред агенцијата за електронски комуникации на телефонскиот број 190.

- Претплатникот има право да го раскине договорот согласно член 6 од договорот без да му се вратат средствата дадеки за приклучок.

**Член 5. НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ**

- Претплатникот се обврзува да ја плати доставената сметка во рок од 5 дена од доставувањето. Доколку претплатникот не добие сметка во предвидениот рок, согласно договорот истиот е должен да побара препис од операторот и истата да ја плати веднаш.
- Доколку од оправдани причини, прекинот на услугата трае повеќе од 48 часа (непрекинато), операторот ќе му одбие износ од месечниот надоместок пропорционален на времетраењето на прекинот. Доколку претплатникот не ја уплати доставената сметка, во ркот утврден во член 5 став 1 од овој договор, операторот е должен да го предупреди, при што ќе му определи рок во кој е должен да го уплати целиот долг, во спротивно ќе биде исклучен од јавната кабелска мрежа. За повторно вклучување кон кабелската мрежа, освен за заостанатиот долг, претплатникот ќе ги сноси трошоците кои се наравени за негово исклучување и повторно вклучување кои ги определува операторот, согласно со тековниот ценовник на операторот.
- Доколу во рок од 60 дена, претплатникот не ја плати сметката, операторот има право да го раскине договорот и да постапи согласно член 6 став 5.

**Член 6. ВРЕМЕ ТРАЕЊЕ И РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

- Овој договор, се склучува на неодредено време и истиот е во важност се додека некоја страна не побара негово раскинување.
- Претплатникот може да го раскине договорот, во рок од 30 дена, со поднесување на писмено барање на пропишан образец од страна на операторот, при што треба да ги намири сите доспеани обврски кон операторот за кои е издадена сметка.
- Доколку операторот ги промени условите, а претплатникот не се согласува со предложените измени, истиот може во рок од 30 дена од објавувањето за измените да го раскине договорот согласно член 6, став 2 од договорот.
- Операторот може да го раскине договорот, доколку корисникот ја злоупотребува користењето на услугата со цел спротивна на законите на РМ и други прописи, констатирани на надлежен орган.
- Операторот може да го раскине договорот и поради ненавремено плаќање на обврските на претплатникот кон операторот.

**Член 7. ПРИГОВОРИ И ЖАЛБИ**

- Претплатникот има право на писмен приговор до операторот против одлуките или активностите наператорот т.е.давателот на услуги во врска со пристапот до или обезбедување на услуги.
- Операторот т.е. давателот на услуги во своите општи услови за пристап и користење на комуникациските услуги да ги наведе условите за поднесување на приговорот од став (1) од овој член, а особено роковите и начинот на поднесување на приговорот, да неведе податоци за името и седиштето, броевите на телефони на надлежната служба за решавање по приговори, како и за можноста за добивање на образец за поднесување на прнговор.
- Приговорот се поднесува во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката, т.е од започнување на активностите кои се предмет на приговорот.
- Во случај на поднесен приговор во врска со износот на сметката, се до донесувањето на конечна одлука, претплатникот е должен да го плати само износот на месечната претплата до датумот наведен во сметката во било кое продажно место на операторот или други достапни начини за плаќање од страна на операторот.
- Операторот т.е. давателот на услуги по поднесениот приговор треба да одлучи во рок од 15 дена од денот на приемот на приговорот и за тоа писмено да го извести претплатникот. Известувањето треба да содржи детално образложение за причините за одбивање, т.е. прифаќање на приговорот, како и упатство за правото на претплатникот да поднесе барање за заштита на своето право од Агенцијата. Кон известувањето се приложуваат и соодветни докази (пр. Службена белешка за извршената техничка контрола и сл.).
- Доколку Операторот т.е. давателот или давателот на услуги не постапи по приговорот во рокот утврден во ставот (5) од овој член, претплатникот има право да побара заштита на своето право пред Агенцијата во рок од 35 дена од денот на поднесување на приговорот до операторот т.е. давателот на услуги.
- Агенцијата, одлучува по приговорот од претплатникот во рок од 42 дена од денот на приемот.

**Член 8. НАДЛЕЖЕН СУД**

- Во случај на спор по овој договор ќе решава надлежниот суд во Виница.

**Член 9. ПРАВОСИЛНОСТ НА ДОГОВОРОТ**

- Договорот стапува во сила со денот на неговото потпишување од двете договорени страни.
- Овој договор е склучен во два (2) идентични примероци, по еден (1) за секоја од договрените страни.

Претплатник　　　　　　　　　　　　КАМСАТ ДООЕЛ

____________________　　　　　　____________________